## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОЗДУХОПЛОВСТВО

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 20 јуни 2012 година.

Бр. 07-2922/1
20 јуни 2012 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОЗДУХОПЛОВСТВО

Член 1

Во Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ број 14/2006, 24/2007, 103/2008, 67/10 и 24/12), во членот 4 точка 71 зборовите: „панорамско летање“ се бришат.

Член 2

Во членот 7-б став (1) по алинејата 9 се додаваат две нови алинеи 10 и 11, кои гласат:

„- врши заштита на правата на патници како и обезбедување на правата на лица со инвалидитет и лицата со намалена подвижност,

- издава одобренија за летање и дезигнации за домашни авиопревозници,“.

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

“(2) По исклучок од ставот (1) на овој член одредени активности од надлежност на Агенцијата ги врши EASA кога тоа е определено со овој закон, прописите донесени врз основа на овој закон и/или со Регулативата 216/2008 на Европската унија, за заеднички правила во областа на цивилното воздухопловство и воспоставување на EASA, која е преземена со Анексот 1 од Мултилатералната спогодба за основање на Европска заедничка воздухопловна област (“Службен весник на Република Македонија“ број 27/2007 и 98/2009).“

Член 3

Во членот 9 ставот (5) се менува и гласи:

„За претседател и член на Управниот одбор можат да бидат именувани лица од редот на вработените во Агенцијата, вработените во други правни лица што вршат дејност од областа на цивилното воздухопловство основани од државата и вработените во други правни лица, освен ако тоа не претставува конфликт на интереси согласно со закон.“

Член 4

Во членот 9-г став (2) зборот „именува“ се заменува со зборот „избира“.

Член 5

Во членот 9-д став (1) алинеја 11 зборовите: „по претходно добиена согласност на Управниот одбор“ се бришат.

По алинејата 11 се додава нова алинеја 12, која гласи:

„- издава наредби и/или оперативни директиви за безбедност и обезбедување од дејствија на незаконско постапување,“.

Член 6

Во членот 12 по ставот (5) се додаваат два нови става (6) и (7), кои гласат:

„(6) Агенцијата може да се финансира и од концесискиот надоместок за користење на аеродромите во Република Македонија, уплатен за претходната година.

(7) Собранието на Република Македонија на предлог на Агенцијата донесува одлука за користење на средствата од ставот (6) на овој член по претходно добиено мислење од Владата на Република Македонија.“

Член 7

Во членот 13 ставот (3) се менува и гласи:

„Извештајот за реализација на годишната програма за работа и развој на Агенцијата за претходната година проследен со финансиско- сметководствени извештаи изработени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување, Управниот одбор на Агенцијата ги усвојува најдоцна до 25 февруари секоја година.“

Ставот (5) се менува и гласи:

„Извештајот од независен ревизор се доставува до Управниот одбор на Агенцијата најдоцна до 1 јуни секоја година.”

По ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) Извештајот за реализација на годишната програма за работа и развој на Агенцијата за претходната година, Управниот одбор на Агенцијата го доставува на усвојување до Собранието на Република Македонија најдоцна до 30 јуни заедно со извештајот од независен ревизор.“

Ставот (6) станува став (7).

Ставот (7) се брише.

Член 8

Во членот 34 ставот (4) се брише.

Член 9

Во членот 53 ставовите (1) и (2) се менуваат и гласат:

„(1) Услугите на воздухопловната навигација се даваат врз ексклузивна основа во рамките на посебни блокови на воздушниот простор кои спаѓаат под надлежност на Република Македонија од страна на давател на услуги на воздухопловна навигација кој треба да е дезигниран од страна на Владата на Република Македонија под услов да поседува уверение за оспособеност за давање на услуги на воздухопловна навигација.

(2) Во услови на постоење на функционален воздушен блок воспоставен со меѓународен договор согласно со членот 57 од овој закон, кој се протега преку воздушниот простор на Република Македонија, земјите потписнички заеднички дезигнираат со договорот еден или повеќе даватели на услуги на воздухопловна навигација и ги определуваат нивните права и обврски.“

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Дезигнацијата од ставовите (1) и (2) на овој член се однесува на давање на АТС услуги и метеоролошки услуги.“

Ставот (3) станува став (4).

Ставот (4) кој станува став (5) се менува и гласи:

"(5) На даватели на услуги на воздухопловна навигација кои имаат главно седиште или регистрирано претставништво во Република Македонија, уверението за оспособеност за давање на услуги на воздухопловна навигација им го издава Агенцијата со рок на важење од две години."

Ставовите (5), (6), (7) и (8) стануваат ставови (6), (7), (8) и (9).

Член 10

Членот 60-г се менува и гласи:

„(1) Давателот на услуги на воздухопловна навигација донесува програма за давање на услуги на воздухопловна навигација и годишен финансиски план по претходно добиена согласност од Агенцијата и ги доставува на одобрување до Владата на Република Македонија најдоцна до крајот на секоја година.

(2) Годишниот финансиски извештај со завршната сметка, ревизорскиот извештај за претходната година и годишниот извештај за работа за претходната година, давателот на услуги на воздухопловна навигација ги доставува до Владата на Република Македонија на одобрување најдоцна до крајот на мај секоја година, по претходно добиено позитивно мислење од Агенцијата."

Член 11

Во членот 84 став (2) зборот „домашен" се брише.

Во ставот (3) зборовите: „домашните превозници" се заменуваат со зборот „превозниците".

Член 12

Во членот 126 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

"(4) Проверката на воздухоплов во лет ја врши комисија за испитување на воздухоплови во лет определена од Агенцијата."

Во ставот (4) кој станува став (5) зборовите: „екипажот и воздухопловно-техничкиот персонал кој се наоѓа во воздухопловот" се заменуваат со зборовите: „комисијата за испитување на воздухоплови во лет определена од Агенцијата".

Член 13

Во членот 146 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Посебните услови, начин и постапка на утврдување на здравствената способност на персоналот во воздухопловството кој врши и обезбедува работи од значење за безбедноста на воздухопловството, а кои се однесуваат на државните воздухоплови ги пропишуваат министерот за одбрана, министерот за внатрешни работи, односно министерот за финансии."

Ставот (3) станува став (4).

Член 14

Во членот 147 по ставот (6) се додаваат два нови става (7) и (8), кој гласи:

„(7) Здравствените прегледи на персоналот во воздухопловството кој врши и обезбедува работи од значење за безбедноста на воздухопловството, а кои се однесуваат на државните воздухоплови се вршат од здравствени установи или лекари поединци овластени од страна на министерот за одбрана, министерот за внатрешни работи, односно министерот за финансии.

(8) Посебните услови, начин и постапка за овластување на здравствените установи или лекари поединци од ставот (7) на овој член ги пропишуваат министерот за одбрана, министерот за внатрешни работи, односно министерот за финансии."

Член 15

Во членот 163 став (1) по зборовите: „помошникот на контролорот на летање" се додаваат зборовите: „кои работат во оперативни смени".

Член 16

Членот 182 се менува и гласи:

"(1) Во случај на повреда на одредбите од овој закон или прописите донесени врз основа на овој закон инспекторот прави записник и подготвува решене кое го донесува директорот на Агенцијата.

(2) Со решението од ставот (1) на овој член се:

а) наредува на сторителот на повредата во определен рок да преземе корективни мерки за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци;

б) забранува активности кои се вршат во спротивност со одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и

в) задржува странски воздухоплов на аеродром и презема други мерки согласно со меѓународните договори кои ги ратификувала Република Македонија."

Член 17

Во членот 188 став (1) точка 1 бројот „4" се заменува со бројот „3".

Член 18

Во членот 190 став (1) точка 17 зборовите: „став (2)" се бришат.

Член 19

Во членот 190-а зборот „инспекторот" се брише, а зборовите: "ќе спроведе" се заменуваат со зборовите: „се спроведува".

Член 20

Одредбите од членот 6 од овој закон со кој се додаваат два нови става (6) и (7) во членот 12 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија" број 14/2006, 24/2007, 103/2008, 67/10 и 24/12) ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2013 година.

Член 21

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за воздухопловство.

Член 22

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTESIMIN E LIGJIT PËR AVIACION

Neni 1

Në Ligjin për aviacion ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise numer 14/2006, 24/2007, 103/2008, 67/10 dhe 24/12), në nenin 4 pika 71, fjalet: "fluturim panoramik" shlyhen.

Neni 2

Në nenin 7-b paragrafi (1) pas alinese 9 shtohen dy aline të reja 10 dhe 11, si vijojne:

"- e kryen mbrojtjen e të drejtave të udhetareve si dhe sigurimin e të drejtave të personave me invaliditet dhe të personave me levizje të zvogeluar;